РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Сектор за макроекономска политика



# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

август, 2015 година

## СОДРЖИНА


Резиме ....................................................................................................2

I. Реален сектор

Индустриско производство ....................................................................3

Број на работници во индустријата ......................................................4

Деловни тенденции во преработувачката индустрија ........................4

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ..........5

Инфлација ..............................................................................................5

Берзански цени .......................................................................................6

2. Надворешно-трговска размена

Извоз .......................................................................................................8

Увоз .........................................................................................................9

Салдо на трговска размена ....................................................................9

Валутна структура ................................................................................10

3. Фискален сектор

Буџетски приходи ................................................................................11

Буџетски расходи .................................................................................12

Буџетско салдо .....................................................................................13

4. Социјален сектор

Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРМ .............13

Плати .....................................................................................................14

Пензии ...................................................................................................15

5. Монетарен сектор

Примарни пари .....................................................................................15

Депозитен потенцијал ..........................................................................16

Кредити на банките ..............................................................................17

Каматни стапки на депозитни банки ...................................................17

Пазар на капитал ..................................................................................17

Девизни резерви ...................................................................................18

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

август, 2015 година

- Индустриското производство во август 2015 година во споредба со август 2014 година забележа раст од 12,7%;

- Потрошувачките цени во август 2015 година се зголемија за 0,1% на годишна основа, по падот од 0,4% регистриран претходниот месец;

- Извозот во периодот јануари – август 2015 година забележа раст од 9,3%, а увозот раст од 5,4%, што резултираше со стеснување на трговскиот дефицит за 2,8% споредено со истиот период минатата година;

- Вкупните приходи на Буџетот во првите осум месеци од 2015 година изнесуваа 104.126 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 13,4% во однос на истиот период 2014 година. Вкупните расходи на Буџетот изнесуваа 116.930 милиони денари, што е за 7,5% повеќе во однос на 2014 година;

- Вкупните кредити на банките забележаа раст од 8,8% на годишна основа, а вкупниот депозитен потенцијал на банките регистрираше раст од 6,7%.

## Индустриско производство

Индустриското производство во август 2015 година забележа раст од 12,7% во споредба со август 2014 година, што претставува највисок забележан раст по март 2011 година. Притоа, раст е забележан во сите сектори, и тоа: Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 45,0%, Рударство и вадење камен од 18,2% и Преработувачка индустрија од 8,4%.




Најголем позитивен придонес во годишната промена на индустриското производство во август 2015 година има Снабдувањето со електрична енергија гас, пареа и климатизација (3,2 п.п.), а најголем негативен придонес има Производството на кожа и слични производи од кожа (0,6 п.п.).




* Пад од 100% е забележан во категоријата Производство на кокс и рафинирани нафтени производи.

Податоците за индустриското производство по наменски групи во август 2015 година во однос на август 2014 година покажуваат зголемување на производството во сите групи, и тоа: Енергија од 39,0%, Капитални производи од 14,6%, Нетрајни производи за широка потрошувачка од 12,6%, Трајни производи за широка потрошувачка од 10,1% и Интермедијарни производи, освен енергија од 3,1%.

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата на годишно ниво во август 2015 година забележа раст од 1,3%. Растот се должи на зголемениот број работници во секторот Преработувачка индустрија од 1,7%. Раст е забележан и во секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 0,4%, додека намалување на бројот на работници е забележан во секторот Рударство и вадење камен од 2,7%.




Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во август 2015 година во однос на истиот период минатата година покажуваат дека зголемување на бројот на работници има кај групите: Капитални производи за 16,6% и Интермедијарни производи, освен енергија за 1,8%, додека пад е регистиран кај групите Енергија од 1,7%, Нетрајни производи за широка потрошувачка од 1,2% и Трајни производи за широка потрошувачка за 0,9%.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Економската состојба на деловните субјекти во август 2015 година е поповолна во однос на претходниот месец, како и во однос на истиот месец претходната година.

Просечното искористување на капацитетите на деловните субјекти во август 2015 година изнесува 63,8%, што претставува зголемување во однос на претходниот месец кога изнесуваше 63,6%. Споредено со август 2014 година, искористеноста на капацитетите е повисока за 2 п.п..

Најголемо влијание врз ограничувањето на обемот на производството во август 2015 година имаат следните фактори: недостигот на квалификувана работна сила со 25,0%, недоволната домашна побарувачка со 24,0%, недоволната странска побарувачка со 23,7%, финансиските проблеми со 6,9%, неизвесното економско окружување со 4,8% и конкурентниот увоз со 4,4%.

Состојбата на обезбеденоста на производството со порачки во август 2015 годинае поповолна во однос на јули 2015 година, како и очекувањата за обемот на производството во наредните три месеци, додека залихите на готови производи се намалени.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите




Во август 2015 година издадени се 206 одобренија за градење, што е за 32,9% повеќе во однос на истиот месец од претходната година. Во однос на јули 2015 година, бројот на издадени одобренија за градење е намален за 42,6%, кога биле издадени 359 одобренија за градење. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во август 2015 година е зголемена трипати повеќе (299,8%) во однос на август 2014 година. Во однос на претходниот месец, вредноста на објектите бележи пад од 35,1%.




Анализирано по видови објекти, од вкупниот број на издадени одобренија за градење, 111 (или 53,9%) се наменети за објекти од високоградба, 43 (или 20,9%) за објекти од нискоградба и 52 (или 25,2%) за објекти за реконструкција.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 206 издадени одобренија за градба, на 115 (или 55,8%) објекти како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 91 објекти (или 44,2%) инвеститори се деловни субјекти.

Во август 2015 година предвидена е изградба на 339 станови, со вкупна корисна површина од 30.233 м$^2$. Бројот на предвидени станови за изградба е зголемен за 105,5% во однос на истиот месец од 2014 година, а во однос на јули 2015 година е намален за 64,5%.

## Инфлација

Потрошувачките цени во август 2015 година се зголемија за 0,1% на годишна основа, по падот од 0,4% регистриран во претходниот месец.

Просечната стапка на инфлација во периодот јануари - август 2015 година изнесува -0,3%.



Категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, која има најголемо учество при пресметката на Индексот на трошоците на животот, во август забележа годишен раст на цените од 0,3%, како резултат на зголемените цени во повеќе поткатегории, при што растот е највисок во поткатегориите Масло и масноти од 9,2% и Овошје од 7,2%.

Највисок годишен раст на цените е забележан во категоријата Алкохолни пијалаци и тутун од 5,2%, следена со порастот на цените во категориите Мебел, покуќнина и одржување на покуќнината од 3,6%, Ресторани и хотели и Здравје од по 2,5%, Рекреација и култура од 2,2%, Домување, вода, електрика, гас и други горива од 1,0%, итн. Годишен пад на цените во август е регистриран во категориите Транспорт од 8,7% и Комуникации од 4,1%.

Придонеси кон годишната стапка на инфлација( во п.п.); Извор: ДЗС и пресметки на МФ




Потрошувачките цени во август 2015 година останаа непроменети во однос на претходниот месец. Цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци забележаа раст од 0,2% во споредба со претходниот месец, што главно се должи на зголемувањето на цените во поткатегоријата Зеленчук (за 2,3%).

Пад на цените во август е регистриран во категориите Транспорт од 0,8%, Облека и обувки од 0,7% и Рекреација и култура од 0,1%. Освен во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, месечен раст на цените е регистриран и во категоријата Останати стоки и услуги од 0,2% додека цените во преостанатите категории останаа непроменети.

Цените на мало во август 2015 година се намалени за 0,8%. во однос на истиот месец претходната година Споредено со претходниот месец, цените на мало се повисоки за 0,4%. Просечниот раст на цените на мало во периодот јануари - август 2015 година изнесува -1,6%.

## Берзански цени

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во август 2015 година забележа месечен пад од 15,9% и достигна цена од 47,0 долари за барел. Во однос на

истиот месец од претходната година, цената на нафтата е пониска за 53,9%. Цената на природниот гас во август, во однос на претходниот месец, се намали за 1,0%.




Што се однесува до металните производи, никелот како производ со високо учество во македонскиот извоз, во август 2015 година се тргуваше со просечна цена од 10.386 долари за еден метрички тон ($/мт), што претставува месечно намалување на цената од 9,0%. Споредено со август 2014 година, цената на никелот бележи пад од 44,2%. Во август 2015 година се забележува , месечен пад на цените и кај останатите основни метали, освен кај калајот, чијашто цена е зголемена за 0,6%. Така, цената на цинкот се намали за 9,6%, на бакарот за 6,0%, на алуминиумот за 5,6% и на оловото за 3,4%.Цената на железната руда во август споредено со јули е повисока за 7,7%.




Благородните метали исто така забележаа месечен пад на цените во август 2015 година, односно цената на платината се намали за 2,5%, на златото за 0,9% и на среброто за 0,7%.

Анализирано на месечна основа, во август 2015 година цената на пченката на светските берзи се намали за 9,5%, а на пченицата за 8,9%. Цената на јагнешкото месо во август 2015 година забележа месечно намалување од 2,0%.

# НАДВОРЕШНО – ТРГОВСКА РАЗМЕНА

Вкупната надворешно - трговска размена во првите осум месеци од 2015 година изнесува 6.314,2 милиони евра, што претставува раст од 6,9% во однос на истиот период минатата година.




Во периодот јануари – август 2015 година, најголемо учество во вкупната размена има размената на Република Македонија со Европската унија (ЕУ 28), кое изнесува 68,4%, што претставува намалување од 1,1 п.п. во однос на истиот период претходната година.

## Извоз

Во периодот јануари - август 2015 година вредноста на извезените стоки изнесува 2.599,0 милиони евра и бележи раст од 9,3% (221,1 милион евра) во однос на истиот период 2014 година, а физичкиот обем на извозот бележи пад од 5,9%.

Вредноста на извезените стоки во август 2015 година изнесува 286,9 милиони евра и бележи пад од 5,4% (16,5 милиони евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот се намали за 16,3%.

Анализирано на месечно ниво, во август 2015 година извозот бележи пад од 17,3% (60,1 милион евра) во однос на претходниот месец. Доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, тој регистрира месечен пад од 6,9% .

Главни групи производи (според СМТК) со најголемо учество во извозот во периодот јануари - август 2015 година се: хемиски материи и производи, железо и челик, облека, метална руда и отпадоци од метал, пијалаци и тутун и нафта и производи од нафта. Овие шест групи производи сочинуваат 53,7% од вкупниот извоз на државата.




Анализирано според економските групации на земјите, во периодот јануари – август 2015 година, споредено со истиот период 2014 година, извозот бележи раст

кај групациите: ЕУ 28, ЕФТА, Северноамериканска зона на слободна трговија и Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот регион, додека пад има кај групациите: Организација на земјите - извознички на нафта и нафтени деривати, Западен Балкан и Заедница на независни држави. Извозот во ЕУ 28 бележи раст од 8,4% на годишно ниво, а кај земјите од Западен Балкан пад од 5,4%, при што извозот на стоки во ЕУ 28 и земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Македонија учествува со 76,8% и 11,9% соодветно.




## Увоз

Во периодот јануари – август 2015 година вредноста на увезените стоки изнесува 3.715,1 милион евра и бележи раст од 5,4% (188,8 милиони евра) во однос на истиот период 2014 година, а физичкиот обем на увозот раст од 0,5%.

Вредноста на увозот во август 2015 година изнесува 419,7 милиони евра, што претставува зголемување за 0,5% (1,9 милиони евра) во однос на истиот месец 2014 година, додека увезените количини стоки се намалени за 3,8%.




Анализирано на месечно ниво, во август 2015 година увозот бележи пад од 17,0% (86,1 милион евра) во однос на претходниот месец. Доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, тој регистрира месечен пад од 1,7%.

Табела 1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - VIII - 2014 | I - VIII - 2015 | Салдо | Стапки во% |
| .000 T | 84,7 | 38,9 | -45,7 | -54,0 |
| Мил. ЕУР | 36,7 | 21,9 | -14,8 | -40,4 |
| Мил.$ | 50,0 | 24,3 | -25,6 | -51,3 |

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - VIII - 2014 | I - VIII - 2015 | Салдо | Стапки во% |
| .000 T | 637,1 | 595,6 | -41,5 | -6,5 |
| Мил. ЕУР | 365,6 | 279,6 | -85,9 | -23,5 |
| Мил.$ | 498,1 | 310,7 | -187,4 | -37,6 |

*)Претходни податоци

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - VIII - 2014 | I - VIII - 2015 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 8,3 | 10,7 | 2,4 | 28,7 |
| Мил. ЕУР | 404,8 | 499,2 | 94,4 | 23,3 |
| Мил.$ | 551,8 | 555,2 | 3,4 | 0,6 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - VIII - 2014 | I - VIII - 2015 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 21,1 | 20,6 | -0,5 | -2,5 |
| Мил. ЕУР | 57,4 | 79,4 | 22,0 | 38,4 |
| Мил.$ | 78,4 | 88,1 | 9,7 | 12,4 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - VIII - 2014 | I - VIII - 2015 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 392,9 | 389,0 | -3,9 | -1,0 |
| Мил. ЕУР | 369,9 | 367,3 | -2,6 | -0,7 |
| Мил.$ | 503,2 | 407,5 | -95,7 | -19,0 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - VIII - 2014 | I - VIII - 2015 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 342,0 | 399,9 | 57,9 | 16,9 |
| Мил. ЕУР | 168,6 | 190,6 | 22,0 | 13,1 |
| Мил.$ | 229,7 | 211,4 | -18,3 | -8,0 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во првите осум месеци од 2015 година, трговскиот дефицит се намали за 2,8% односно 32,4 милиони евра споредено со истиот период минатата година.

Во август 2015 година трговскиот дефицит се зголеми за 16,1% односно 18,4 милиони евра споредено со август минатата година.




Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, намалувањето на дефицитот е резултат на комбиниран ефект од: стеснетото негативно салдо во размената со горива и мазива, стоки за инвестиции без транспортна опрема и транспортна опрема, додека во спротивна насока дејствуваше проширувањето на негативното салдо во размената со индустриски набавки, храна и пијалаци и стоки за широка потрошувачка.

Во периодот јануари – август 2015 година 78,7% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Грција, Србија и Турција, а потоа следуваат: Кина, Италија, Русија, Јужна Африка, Романија, Австрија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Белгија, Шпанија и Босна и Херцеговина.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура 81,2% од трговската размена во периодот јануари - август 2015 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период од 2014 година претставува зголемување од 2,5 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 87,1% и 77,0%, соодветно, при што застапеноста на еврото во извозот е на исто ниво во однос на периодот јануари – август 2014 година, додека застапеноста на еврото кај увозот е зголемена за 4,1 п.п..

| Надворешно трговска размена на Република Македонија (по валути ); пресметки на МФ | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| увоз | I - VIII - 2014 | | | | | I - VIII - 2015 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | | |
| ЕУР | 2.083,3 | 2.571.180.237 | 61,6253 | 158.449.753.447 | 72,9 | 2.186,0 | 2.862.720.160 | 61,5906 | 176.316.652.301 | 77,0 | 291.539.923 | 11,3 |
| УСД | 1.808,9 | 966.427.770 | 45,1940 | 43.676.736.617 | 20,1 | 1.723,5 | 893.371.951 | 55,2843 | 49.389.442.929 | 21,6 | -73.055.819 | -7,6 |
| ГБП | 2,9 | 179.250.805 | 75,6503 | 13.560.377.185 | 6,2 | 4,2 | 13.856.071 | 84,7424 | 1.174.196.742 | 0,5 | -165.394.734 | -92,3 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 3.895,0 | | | 215.686.867.249 | 93,0 | 3.913,8 | | | 226.880.291.972 | 99,1 | | |
| вк извоз: | 3.901,8 | | | 217.326.103.938 | 100,0 | 3.920,7 | | | 228.838.749.063 | 100,0 | | 5,3 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРМ

# *ФИСКАЛЕН СЕКТОР*

## Буџетски приходи

Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари - август 2015 година изнесуваа 104.126 милиони денари, односно 18,9% од БДП, што претставува поголемо остварување за 13,4% во однос на истиот период 2014 година.




Даночните приходи во првите осум месеци се реализирани во износ од 60.248 милиони денари, односно 10,9% од БДП и во однос на истиот период од 2014 година се зголемени за 14,2%.

Данокот на додадена вредност е остварен во износ од 27.325 милиони денари, при што учеството на ДДВ во вкупните даночни приходи во овој период е доминантно и изнесува 45,4%. Акцизите се остварени во износ од 12.861 милиони денари (учество од 21,3% во даночните приходи). Така, од овие два индиректни даноци во овој период се остварени приходи од 40.186 милиони денари, што претставува 66,7% од вкупните даночни приходи (7,3% од БДП). Притоа, ДДВ е наплатен во бруто износ од 39.231 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 11.906 милиони денари (бруто наплатата е повисока за 1,9%, додека повратот по основ на ДДВ е повисок за 11,1% споредено со истиот период 2014 година).

Во структурата на наплатата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ од увоз кој забележува зголемување од 0,7%, ДДВ од прометот во земјата забележува раст од 5,7%, додека учеството на ДДВ донациите е незначително и забележува помало остварување за 69,7%. Набљудувано по одделни категории даноци, приходите од персоналниот данок се остварени во износ од 8.002 милиони денари и забележуваат раст од 6,0% на годишна основа, при што околу 2/3, односно 68,2% од персоналниот данок претставува приходот од данокот на плати и други лични

примања, 6,9% од приходи од игри на среќа и наградни игри, 5,3% по основ на договор на дело, 6,5% од приходи од капитал и 3,9% од приходи од имот и имотни права. Споредено со истиот период 2014 година приходите од данокот од добивка во износ од 8.862 милиони денари забележаа зголемување од 164,5%, што главно се должи на данокот наплатен по основ на даночни биланси со учество од 56,1% во вкупниот данок на добивка, по месечни аконтации со 32,9%, од исплатена дивиденда и друга распределба од добивката учество од 5,7% и 4,6% по основ на задржан данок на исплатените приходи на странски правни лица.

Приходите од ДДВ забележаа намалување од 1,7%, додека акцизите забележаа зголемување од 20,7%. Приходите од царина беа остварени во износ од 2.753 милиони денари и забележаа речиси иста реализација (односно со минимално намалување од само 0,4%). Приходите од други даноци со остварен износ од 445 милиони денари забележаа намалување од 33,8%.

Неданочните приходи беа остварени во износ од 7.702 милиони денари и во однос на истиот период 2014 година забележаа раст од 17,5% (во овие приходи се приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди, се остварија во износ од 1.897 милиони денари, што претставува зголемување од 33,4% во однос на истиот период претходната година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се остварија во износ од 2.028 милиони денари, односно за 43,4% повеќе во однос на истиот период лани.

Социјалните придонеси од плата се остварени во износ од 30.937 милиони денари, што е за 8,7% повеќе споредено со истиот период 2014 година, при што зголемување на наплатата се забележува кај придонесите од пензиско и инвалидско осигурување од 8,7%, придонесите за здравствено осигурување 8,8% и придонесите за вработување од 8,6%.

## Буџетски расходи

Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари - август 2015 година изнесуваа 116.930 милиони денари, односно 21,2% од БДП, што е повеќе за 7,5% во однос на 2014 година.

Тековните расходи во износ од 106.660 милиони денари се зголемени за 8,4% во однос на истиот период 2014 година. Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите кои изнесуваа 74.536 милиони денари и учествуваа со 63,7% во вкупните расходи.

Платите и надоместоците беа реализирани во износ од 16.317 милиони денари, така што нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесуваа 14,0%, а во однос на 2014 година се зголемени за 6,9%. Расходите за стоки и услуги изнесуваа 11.076 милиони денари, со учество од 9,5% во вкупните расходи и споредено со истиот период од 2014 година се повеќе реализирани за 13,6%.

Социјалните трансфери изнесуваа 54.395 милиони денари и забележаа раст од 6,1% споредено со истиот период 2014 година, а нивното учество во вкупните расходи. изнесуваше 46,5%. Трансферите кон Фондот за пензиско и инвалидско осигурување зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, 33.008 милиони денари, со реализација која е зголемена за 3,3%, споредено со истиот период 2014 година и учество од 28,2% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, кои ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 16,5%, односно забележа зголемување од 5,5%, споредено со истиот период 2014 година. Блок дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 9.682 милиони денари, беа реализирани за 4,7% повеќе во однос на истиот период претходната година. Субвенциите кои се реализирани во износ од 8.443 милиони денари учествуваат со 7,2% во вкупните расходи.

Расходите за камати се реализирани во износ од 4.731 милиони денари, што е за 47,2% повеќе во споредба со истиот период 2014 година. Ваквото остварување е поради исплатата на доспеаните обврски за камати од задолжување во земјата и во странство. Расходите за камати од домашно задолжување беа зголемени за 17,5%, додека за странство за 75,0%.

Во анализираниот осуммесечен период средствата за капитални расходи беа реализирани во износ од 10.270 милиони денари, со структурно учество од 8,8% во вкупните расходи (1,9% учество во БДП).

## Буџетско салдо

Во периодот јануари - август 2015 година во Буџетот на Република Македонија е остварен дефицит од 12.804 милиони денари, додека дефицитот на Централниот буџет е остварен во износ од 10.744 милиони денари.

# СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР

## Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРМ

Во периодот јануари – август 2015 година во Агенцијата за вработување на Република Македонија се регистрирани вкупно 120.058 нови засновани работни односи. Вкупниот број нововработени во овој период е поголем за 6,1% во однос на истиот период 2014 година.




Од вкупниот број нововработени, 48,2% се вработени на

неопределено време, додека останатиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број засновани нови работни односи во август 2015 година 24,8% се од евиденцијата на невработени.



Преглед на новите вработувања; Извор: АВРМ

Вкупниот број невработени лица изнесува 214.515, од кои 118.151 се активни баратели на работа, а 96.364 се останати невработени лица. Во однос на истиот месец претходната година, вкупниот број невработени лица е намален за 0,2%.

Најголем дел од невработените лица (69,3%) се градско население, а 59,3% се мажи. Според степенот на образование, поголемиот дел, односно 54,5% од невработените се со непотполно средно образование или помалку, 30,0% се со завршено средно образование, додека 15,5% имаат вишо или повисоко ниво на образование.

По возрасни групи, најголемиот дел или 54,0% од невработените припаѓаат на возрасната група 25-49 години. Според времето на чекање на вработување, 39,5% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 10,6% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Просечната номинална нето-плата во јули 2015 година оствари годишен раст од 2,4%, а во однос на претходниот месец е пониска за 0,7%. Најголем раст на просечната нето–плата се забележува во следните сектори: Уметност, забава и рекреација (11,0%), Други услужни дејности (9,9%) и Рударство и вадење камен (4,6%). Реалните плати во јули забележаа годишен раст од 2,8%.



Просечна нето плата (годишни промени, %); Извор: ДЗС



Просечна исплатена месечна нето-плата по сектори на дејности (годишни промени, %)

Просечната номинална бруто-плата во јули 2015 година оствари годишен раст од 2,9%, а во однос на претходниот месец таа е пониска за 0,5%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата се забележува во следните сектори: Уметност, забава и рекреација

(11,1%), Други услужни дејности (10,2%) и Административни и помошни услужни дејности (5,1%). Реалната бруто плата забележа годишен раст од 3,3%.

Процентот на вработени кои не примиле плата во јули 2015 година изнесува 1,7% и во однос на истиот месец претходната година е повисок за 0,5 п.п., а за 0,2 п.п понизок во однос на јуни 2015 година.

## Пензии

Во август 2015 година во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување евидентирани се 297.954 пензионери, што претставува зголемување од 1,6% во однос на истиот период минатата година. На месечно ниво, бројот на корисници на пензија е поголем за 1.012 лица. Од вкупниот број пензионери, 60,1% се корисници на старосна пензија, 25,8% на семејна пензија и 14,1% на инвалидска пензија.




Просечната пензија во август 2015 година изнесува 12.435 денари и е непроменета во однос на истиот месец минатата година. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во јули 2015 година (последни расположливи податоци) изнесува 56,9%.

Просечната старосна пензија во август изнесува 13.833 денари, просечната инвалидска пензија 11.177 денари, а просечната семејна пензија 9.832 денари. За исплата на пензиите во август 2015 година се потрошени 3.607,66 милиони денари, што претставува 53,0% од вкупните социјални трансфери.

# *МОНЕТАРЕН СЕКТОР*

Во август 2015 година, Народна банка на Република Македонија, во услови на стабилни движења, одлучи да ја задржи каматната стапка на благајничките записи на нивото од 3,25%. Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена остана непроменета во однос на минатиот месец и изнесува 0,5%.



## Примарни пари

Во август 2015 година, примарните пари[1] регистрираа раст од 8,0% на годишна основа, во услови на раст на готовите пари во оптек од 11,2%, додека вкупните ликвидни средства на банките регистрираа раст од 5,2%.

На месечно ниво, примарните пари забележаа раст од 0,7%, при раст на вкупните ликвидни средства на банките од 2,9% и пад на готовите пари во оптек од 1,6%.

## Депозитен потенцијал

Во август 2015 година вкупните депозити на банките регистрираа раст од 1,5% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека депозитите на приватните претпријатија забележаа раст од 8,3%, додека депозитите на домаќинствата се намалија за 0,5% во однос на претходниот месец. Од аспект на валутата, споредено со претходниот месец, депозитите во домашна и странска валута се зголемија за 1,7% и 1,2%, соодветно.




Вкупниот депозитен потенцијал во август 2015 година оствари раст од 6,7% на годишна основа. Анализирано според валутата, растот беше воден од депозитите во домашна валута, кои забележаа раст од 9,6%, а депозитите во странска валута се зголемија за 2,7%.

| **Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор ( август 2015 година)** | **Во милиони денари** | **Месечна промена** | **Годишна промена** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Депозитен потенцијал** | 290.868 | 1,5% | 6,7% |
| Денари | *171.672* | 1,7% | 9,6% |
| Странска валута | 119.196 | 1,2% | 2,7% |
| Краткорочни | *145.792* | 1,3% | -1,2% |
| Долгорочни | *79.503* | 0,2% | 9,9% |
| | | | |
| **Кредити на приватен сектор** | 266.159 | 0,2% | 8,8% |
| Денари | *211.712* | 0,2% | 11,6% |
| Странска валута | *54.447* | -0,1% | -0,8% |

Извор: НБРМ

[1]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

Од аспект на секторот, депозитите на домаќинствата овој месец бележат раст од 4,8%, а депозитите на претпријатијата се зголемија за 10,4%. Според рочноста, долгорочните депозити бележат раст од 9,9%, а краткорочните депозити се намалија за 1,2%. Валутната структура на депозитите и понатаму е стабилна, при што депозитите во домашна валута имаат поголемо учество во депозитната база кое изнесува 59,0%.

## Кредити на банките

Во август 2015 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор забележаа раст од 0,2% на месечна основа. Секторската анализа укажува дека кредитите кон домаќинствата во август остварија раст од 0,9%, а кредитите кон претпријатијата пад од 0,3%. Од аспект на валутата, во август 2015 година денарските кредити се зголемија за 0,2%, додека девизните кредити забележаа пад од 0,1% во однос на минатиот месец.

На годишна основа, во август 2015 година вкупните кредити се зголемија за 8,8%, во услови на раст на кредитите кон претпријатијата од 5,9% и раст на кредитите кон домаќинствата од 12,7%. Кредитите во домашна валута се зголемија за 11,6%, додека кредитите во странска валута регистрираа пад од 0,8%. Од аспект на рочноста, пак, долгорочните кредити бележат годишен раст од 11,4%, а краткорочните кредити од 3,9%.

## Каматни стапки на депозитни банки

На месечна основа во август 2015 година каматните стапки бележат надолни поместувања. Имено, вкупната каматна стапка на кредитите изнесува 6,7% и е намалена за 0,1 п.п. во споредба со претходниот месец. Каматната стапка на денарските кредити е непроменета во однос на минатиот месец и изнесува 7,0%, додека каматната стапка на девизните кредити бележи намалување од 0,1 п.п. и изнесува 5,8%. Вкупната каматна стапка на депозитите во август изнесува 2,0% и е намалена за 0,1 п.п.. Споредено со јули 2015 година каматната стапка на денарските депозити се намали за 0,2 п.п. и изнесува 2,7%, а истовремено намалување за о,1 п.п. бележи и каматата на девизните депозити и изнесува 1,2%.




## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, во август 2015 година вкупниот промет на берзата регистрираше зголемување од 20,2% на месечно ниво, како резултат на зголемувањето на прометот од класичното тргување за 21,1%, како и растот на прометот од блок трансакциите за 88,5%.

Вкупниот промет на берзата во август изнесуваше 144 милиони денари што претставува пад од 48,7% на годишно ниво. Македонскиот берзански индекс МБИ-10 во август 2015 година изнесуваше 1.666,37 индексни поени, што претставува раст од 0,5% на месечно ниво, додека во однос на истиот месец претходната година индексот е понизок за 2,8%.




## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на август 2015 година изнесуваа 2.177,7 милиони евра и во однос на претходниот месец се пониски за 20,7 милиони евра, додека во однос на август минатата година се намалени за 271,4 милиони евра.

Министерство за финансии

Сектор за макроекономска политика

„Даме Груев“ бр. 12, 1000 Скопје

www.finance.gov.mk